## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на членот 139 став 1 од Законот за квалитет на земјоделските производи („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУРОВОТО МЛЕКО

Се овластува правното лице АНИМА-ВЕТ ЛАБОРАТОРИЈА ДООЕЛ Битола ул. Север – Југ 2 Битола, да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на суровото млеко.

### О б р а з л о ж е н и е

Правното лице АНИМА-ВЕТ ЛАБОРАТОРИЈА ДООЕЛ Битола ул. Север – Југ 2 Битола, поднесе барање бр. 34-308/19 од 25.11.2019 година, согласно член 139 став 1 од Законот за квалитетот на земјоделските производи (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16) и со кое се бара издавање на решение за овластување на лабораторија за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на суровото млеко.

Во прилог на барањето, барателот доставил документи за видот и степенот на образование за вработените во лабораторијата, шематски приказ на просториите и листа на опрема, како и Прилог кон сертификат за акредитација бр. ЛТ-033 од 03.07.2019 година во кој се дадени акредитираните методи за тестирање на лабораторијата.

По детална проверка на целокупната документација се утврди дека барателот ги исполнува пропишаните услови утврдени во член 138 став 2 од Законот за квалитетот на земјоделските производи.

Упатство за правно средство:

Против ова решение, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 34-308/19
26 ноември 2019 година
Скопје

Овластен раководител за маркетинг
и квалитет на земјоделски производи,
**Јане Новачков,** с.р.